28.320,00

**Д О: ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ**
бул. „Гоце Делчев“ бр. 4 – 1000 Скопје
www.sud.mk/wps/portal/osskopje2/ | osnovensudskopje2@osskopje2.mk | тел. 02/5111-6382

ПРИМЕНО - PRANUAR
прилози ekzemplarë
Со №
11-07-2025
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ

**Т У Ж И Т Е Л: ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ЛЕВИЦА**
ул. „Гане Тодоровски“ бр. 24/1-1 – Центар, 1000 Скопје
ЕМБС: 7108192 | ЕДБ: 4044016512070
Трансакциска с-ка: 300000004515386 – Комерцијална банка
www.levica.mk | contact@levica.mk | тел. 075/885-645
(*со овластено лице за застапување: Претседател проф. д-р Димитар Апасиев од Скопје, ул.„Руди Чајавец“ бр. 15/1-54 – 1000 Скопје, Аеродром)

**Т У Ж Е Н: АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
ул. „Македонија“ бр. 38 – Центар, 1000 Скопје
ЕМБС: 5171440 | ЕДБ: 4030997339003
www.avmu.mk | contact@avmu.mk | тел: 02/31-03-400
(*со овластено лице: Директор Зоран Трајчевски, бул. „Јане Сандански“ бр. 50-2/7 – 1000 Скопје, Аеродром)

**О С Н О В: НАДОМЕСТ НА ШТЕТА** (ЛАТ. *REPARATIO DAMNI*)

**В Р Е Д Н О С Т  Н А  С П О Р О Т: 127.074 ЕУР (т.е. 7.815.082,00 денари)**

Политичка партија ЛЕВИЦА
Бр. ИП-156/25
11.07. 2025 год.
ЛЕВИЦА СКОПЈЕ

# ТУЖБА
# ЗА НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

На ден 29 март 2024 година, од страна на Советот на Агенцијата за аудио и аудио-визуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст – скратено: АВМУ) е донесено контроверзно **Упатство за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024**. Подоцна, на 15 април 2024, е донесено ново Упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 (скр. *Упатство*).

> ДОКАЗ 1: *Упатство за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 бр. 01-1550/1* (29.03.2024)
>
> ДОКАЗ 2: *Упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 бр. 01-1911/1* (15.04.2024)

„Во *Упатството*, **точка 12**, се менува и гласи:
„7. Вкупно деветте минути и триесет секунди (00:09:30) на реален час емитувана програма за платено политичко рекламирање за Парламентарните избори, подносителите на листи ќе ги користат во согласност со распределбата на времето утврдена во член 75-ѓ став 1 од Изборниот законик, и тоа:

- Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии од позицијата, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи – КОАЛИЦИЈА ЗА ЕВРОПСКА ИДНИНА и КОАЛИЦИЈА ЕВРОПСКИ ФРОНТ.
- Во максимум 4-те минути наменети за двете најголеми политички партии во опозиција, кои на последните парламентарни избори освоиле најмногу гласови, ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи - КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА" ВМРО-ДПМНЕ и КОАЛИЦИЈА ВЛЕН.
- Во максимум 1-та минута наменета за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи - ПАРТИЈА ЛЕВИЦА и КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА.
- Во преостанатите 30 секунди наменети за политичките партии кои не се застапени во Собранието или кандидати ќе се емитува платеното политичко рекламирање на подносителите на листи:
  - ✓ ДВИЖЕЊЕ ЗНАМ - ЗА НАША МАКЕДОНИЈА;
  - ✓ Политичка партија АВАЈА;
  - ✓ ПАРТИЈА ЕВРОПСКО ГРАЃАНСКО ДВИЖЕЊЕ;
  - ✓ ЕДИНСТВЕНА МАКЕДОНИЈА;
  - ✓ ПАРТИЈА МАКЕДОНСКА ЕРА ТРЕТА/МАКЕДОНСКИ НЕЗАВИСНИ ЛИСТИ – СУВЕРЕНИСТИ;
  - ✓ ПАРТИЈА ДЕМОКРАТИ;
  - ✓ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА ДЕСНА;
  - ✓ ПОЛИТИЧКА ПАРТИЈА НОВА АЛТЕРНАТИВА СКОПЈЕ;
  - ✓ ПАРТИЈА РОДИНА МАКЕДОНИЈА;
  - ✓ РАБОТНИЧКА ПАРТИЈА; и
  - ✓ ТВОЈА ПАРТИЈА."

Тужениот, како регулаторно тело, со своето горенаведено скандалозно *Упатство*, кое тужителот го приговараше уште додека беше во *Нацрт-верзија*, има направено (не)намерна грешка во поставената распределба на минутажата во етерот, со што на сега тужителот му е причинета директна штета. Имено, го известуваме Судот дека **единствени две партии** кои за *Парламентарните избори 2024* го исполнуваат експлицитниот законски услов за поделба на 1 (една) минута во етерот за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група се Политичката партија ЛЕВИЦА (со 2 пратеника) и Политичката партија ДПА – Демократска партија на Албанците (со 1 пратеник), коишто на последните предвремени *Парламентарни избори 2020* настапуваа самостојно, како засебни ентитети и правни субјекти, и освоија под пет мандати – колку што, според чл. 33, ст. 2 од *Деловникот на Собранието на РМ*, треба за основање на пратеничка група!

Доказ 3: *Претставка - Приговор со вонсудска опомена пред тужба [Реакција на предлогот и правно мислење] бр. ИП-117/24* (25.03.2024) – поднесено до архивата на АВМУ [со приемен штембил]

Нелогичното е во тоа што КОАЛИЦИЈАТА „ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА", на чие пратеничко конто АВМУ веројатно го припишува пратеникот од ГРОМ – **Љупчо Пренцов**, делува во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА"[1] (потпишан под реден број 44) своеволно и илегално е шверцувана и класифицирана во третата група за „Платено политичко рекламирање" (ППР), која е загарантирана за партии кои немаат свои пратенички групи во Собранието на РМ – узурпирајќи го, на тој начин, и онака малото време за медимско рекламирање на други партии. Па така, наместо целиот пакет да ѝ припадне на Левица, таа е приморана да го дели со непостоечката ГРОМ!?

Доказ 4: *Известување до претседателот на Собранието на РМ – Талат Џафери за основање Пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија" бр. 08-2789/1* (2.09.2020)

Аргумент плус е и тоа што на претходните **Локални избори 2021**, партијата ГРОМ беше третирана како „вонпарламентарна партија" (во четвртиот, а не во третиот пакет => 4 минути + 4 минути + *1 минута* + 30 секунди) – па прашање е како може, три години подоцна, истата таа партија од „вонпарламентарна" да биде третирана со статус „парламентарна" – што е нонсенс!?

Дополнително, а видно и од **официјална кореспонденција од Кабинетот на Претседателот на Собранието на РМ**, пратеникот Љупчо Пренцов, во Собранието на РМ, официјално делува во рамки на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „Обнова на Македонија" – што значи, de iure и de facto, партијата ГРОМ не смеела да влезе во распределба на пакетот кој е законски резервиран за партии без пратенички групи!

Доказ 5: *Одговор на Барање за дополнителна информација од Собранието на РСМ бр. 08-2062/5* (26.03.2024) – потпишан од тогашниот собраниски претседател / спикер Јован Митрески

Argumentum a fortiori, припадноста на пратеникот Љупчо Пренцов на Коалицијата „Обнова за Македонија" се гледа и од **персоналното досие на пратеникот** на официјалниот веб-сајт на Собранието на РМ (www.sobranie.mk).

Доказ 6: *Принт-скрин од веб сајтот на Собранието на РМ* на којшто се гледа своеволно изјаснетата политичка припадност на пратеникот Пренцов

[1] „'Коалиција' е здружување врз основа на договор на две или повеќе регистрирани политички партии за заедничко настапување за време на одржување на избори" [чл. 2, ст. 1, ал. 12 од *Изборниот законик*].

Конечно, името на овој пратеник на тогаш претстојните *Парламентарни избори 2024* и официјално се наоѓаше **на кандидатската листа на КОАЛИЦИЈА „ТВОЈА МАКЕДОНИЈА“ ВМРО-ДПМНЕ во Изборната единица 1**,[2] а не на кандидатските листи на КОАЛИЦИЈАТА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА (!) – што ја потврдува неговата целосна инкорпорација и политичко дејствување во рамките на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ!!!

Оттука, со ваквата арбитрарна, своеволна и **противзаконита распределба на средствата за ППР** (*Платено политичко рекламирање*), на тужителот ПП Левица и е причинета директна материјална штета!

Согласно одредбата од член 76-д, став 5 од *Изборниот законик* (Сл. весник на РМ бр. 40/2006 и 127/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19, 146/19, 42/20, 74/21, 215/21, 58/24, 76/24): „Финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во текот на изборниот процес, не смеат да ја надминат сумата **од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија**, а за локални избори дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината и Градот Скопје каде се одржува втор круг на гласање и за претседателски избори доколку има втор круг дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија. Овие средства се распределуваат по претходен писмен договор на следниов начин:

- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 45% од средствата може да искористат двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови;
- најмногу 7% од средствата може да искористат политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група; и
- најмногу 3% од средствата може да искористат политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати“.

Согласно званичната *Одлука за заклучување на Избирачкиот список* на Државната изборна комисија, од 2 април 2024, **вкупниот број на запишани гласачи за Изборите за пратеници во РМ се 1.815.350 гласачи.**

---

[2] Јавно објавени во веб-страницата на Државната изборна комисија, достапна на следниов линк: https://candidatelist.sec.mk/CandidateList (последен пристап: 10.07.2025).

Доказ 7: *Одлука на ДИК за заклучување на Избирачкиот список* (2.04.2024)

За утврдување на висината на материјалната штета која му е причинета на тужителот, истиот изработи професионално **Економско-финансиско вештачење,** кое го доставуваме согласно чл. 235 од *Законот за парничната постапка* (Сл. весник на РМ бр. 79/2005 и 110/08, 83/09, 116/10, 124/15) и бараме истото да биде изведено како материјален доказ во постапката, согласно ЗПП.

Доказ 8: *Стручен наод и Мислење за извршено вештачење од областа на материјаното, сметководственото и финансиското работење бр. 0503-13/1144* (4.07.2025) – изготвено од страна на Универзитетот „Гоце Делчев" Штип [вештак: м-р Александар Јакимов]

Видно од приложеното Вештачење, за време на редовните *Парламентарни избори 2024* во Република С. Македонија, како резултат на неправедната и нелегална распределба на минутажата за бесплатно политичко рекламирање резервирана за партии без пратенички групи, **на ПП Левица и е нанесена материјална штета во износ од 127.074,5 ЕУР** (со букви: сто дваесет и седум илјади и седумдесет и четири евра), **т.е. 7.815.082 денари** (со букви: седум милиони, осумстотини и петнаесет илјади, осумдесет и два денара)! Вештото лице утврди дека согласно точка 12 од *Упатство за измена и дополнување на упатството за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 год.*, вкупното време за ППР е девет минути и триесет секунди на реален час емитувана програма, од коешто време согласно чл. 75-ѓ, ст. 1 од Изборниот законик 1 (една) минута ППР е наменета за политичките партии во Собранието кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група – ПАРТИЈА ЛЕВИЦА и КОАЛИЦИЈА ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА (на чиешто пратеничко конто е Љупчо Пренџов од ПП ГРОМ)!?

Оваа волунтаристичка и самовласна распределба не соодветствува со фактичката состојба во реалноста и се коси со приложениот *Одговор на Барање за дополнителна информација* од 26.03.2024 од Собранието на РСМ, во кој е јасно наведено дека **ПП ГРОМ** на Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, одржани 2020 година, била во состав на ВМРО-ДПМНЕ и Коалицијата „ОБНОВА НА МАКЕДОНИЈА"!

Основниот граѓански суд Скопје е **стварно и месно надлежен** да постапува во конкретниот *имотен / облигационен спор* за граѓанска одговорност за штета, што произлегува од воспоставената судска пракса на Апелациониот суд Скопје in concreto.

Доказ 9: Второстепено *Решение ГЖ-1381/24 на Апелационен суд Скопје* (15.05.2024)

***

Во поглед на актуалнатата важечка **позитивно-правна регулатива** на материјалното право, би ги цитирале следниве правно-релевантни одредби кои, очигледно, се во наша полза:

- Согласно чл. 70, ст. 2 од *Изборниот законик* (2006): „Учесниците во изборната кампања имаат право на рамноправен пристап и под еднакви услови да ги користат сите видови на политичка пропаганда, известување и други облици на пропаганда чија цел е да се влијае на одлуката на избирачите при гласањето“;
- Согласно чл. 75, ст. 1-2 од *Изборниот законик*: „(1) Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да го покриваат изборниот процес, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма. Јавниот радиодифузен сервис и националните радиодифузери се должни тоа да го прават на пристапен и достапен формат и јазик како и на знаковен јазик. (2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување – вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно информативни програми, актуелно информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање“;
- Согласно чл. 75-ѓ, ст. 1 од ИЗ: „За време на изборната кампања и во првиот и во вториот круг на гласање, радиодифузерите кои ги покриваат изборите можат да емитуваат вкупно девет минути и триесет секунди дополнително време за рекламирање на реален час емитувана програма исклучиво наменети за платено политичко рекламирање, од кои за двете најголеми политички партии од позицијата кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор; за двете најголеми политички партии во опозиција кои на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија освоиле најмногу гласови можат да одвојат најмногу четири минути кои се распределуваат по претходен писмен договор; за политичките партии во Собранието на Република Македонија кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група можат да одвојат една минута која се распределува по претходен писмен договор и за политичките партии кои не се застапени во Собранието на Република Македонија или кандидати можат да одвојат триесет секунди кои се распределуваат по претходен писмен договор“;
- Согласно чл. 76-д, ст. 5 од ИЗ: „Финансиските средства за платено политичко рекламирање обезбедени од Буџетот на Република С. Македонија во текот на изборниот процес, не смеат да ја надминат сумата од 2 (две) евра во денарска противвредност без пресметан ДДВ, по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република Северна Македонија, а за локални избори дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач на територијата на општината и

Градот Скопје каде се одржува втор круг на гласање и за претседателски избори доколку има втор круг дополнително по 1 (едно) евро во денарска противвредност без пресметан ДДВ по запишан избирач од вкупно запишани избирачи на територијата на Република С. Македонија".

Согласно чл. 141, ст. 1 од **Законот за облигационите односи** (Сл. весник на РМ бр. 18/2001 и 78/01, 4/02, 59/02, 5/03, 84/08, 81/09, 161/09, 23/13, 123/13, 215/21): „Тој што со вина ќе му причини штета на друг, должен е да ја надомести"!.

- Согласно чл. 158, ст. 1 од *Законот за облигационите односи* (2001): „Правно лице одговара за штета што ќе му ја причини негов орган на трето лице во вршењето или во врска со вршењето на своите функции";
- Согласно чл. 174 од ЗОО: „(1) Одговорното лице е должно да ја воспостави состојбата што била пред да настане штетата. (2) Доколку воспоставувањето на поранешната состојба не ја отстранува штетата наполно, одговорното лице е должно за остатокот на штетата да даде надомест во пари. (3) Кога воспоставувањето на поранешната состојба не е можно, или кога судот смета дека не е нужно тоа да го стори одговорното лице, судот ќе определи тоа да му исплати на оштетениот соодветна сума пари на име надомест на штетата. (4) Судот ќе му досуди на оштетениот надомест во пари кога тој го бара тоа, освен ако околностите на дадениот случај го оправдуваат воспоставувањето на поранешната состојба;
- Согласно чл. 266, ст. 1 од ЗОО: „Должникот кој ќе задоцни со исполнувањето на парична обврска долгува, покрај главнината, и казнена камата"!

*

Врз основа на горенаведеното, тужителот ја поднесува оваа оправдана Тужба со која му предлага на насловниот суд да закаже рочоиште за главна расправа, на која по изведување на предложените докази, ќе ја донесе следната мериторна

## П Р Е С У Д А

Тужбеното барање на тужителот **Политичка партија ЛЕВИЦА,** со седиште на ул. „Гане Тодоровски" бр. 24/1-1 – Центар / Скопје, со ЕМБС: 7108192 и ЕДБ: 4044016512070, застапувана од претседателот проф. д-р Димитар Апасиев од Скопје, **СЕ УСВОЈУВА** во целост.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ со седиште на ул. „Македонија" бр. 38, 1000 Скопје, со ЕМБС: 5171440 и ЕДБ: 4030997339003, по основ на исполнување на законска обврска за надомест на штета причинета на трети лица, да му исплати на тужителот ПП Левица од Скопје **на име надомест на материјална штета вкупен износ од 127.074 ЕВРА ВО ДЕНАРСКА ПРОТИВВРЕДНОСТ** – со законска казнена камата во висина на еднomесечната стапка на *Еурибор* за евра што за секое полугодие важела на последниот ден од полугодието што му

претходело на тековното полугодие, зголемена за десет процентни поени сметано од денот на поднесување на тужбата до денот на исплата.

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** тужениот да му ги надомести на тужителот трошоците на парничната постапка –

а сè во рок од 15 дена од денот на приемот на Пресудата, под страв од присилно извршување.

С к о п ј е
10.VII.2025

***Т у ж и т е л:***
***ПП Левица***

(Претседател: **проф. д-р Димитар Апасиев**)

**П р и л о г (Листа на писмени докази)** – ОНАКА КАКО ШТО СЕ НУМЕРИРАНИ ВО ТЕКСТОТ:

1. *Тековна состојба за тужителот Левица;*
2. *Тековна состојба за тужениот ААВМУ;*
3. *Копија од лична карта на законски застапник на тужителот;*
4. *Упатство за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 бр. 01-1550/1 од 29.03.2024 година;*
5. *Упатство за измена и дополнување на Упатството за радиодифузерите за претседателските и за парламентарните избори 2024 од 15.04.2024 год.;*
6. *Претставка – Приговор со вонсудска опомена пред тужба [Реакција на предлогот и правно мислење] бр. ИП-117/24 од 25.03.2024;*
7. *Известување за основање пратеничка група бр. 08-2789/1 од 2.09.2020 година;*
8. *Одговор на Барање за дополнителна информација од 26.03.2024 година од Собранието на РМ;*
9. *Принт-скрин од веб сајтот на Собранието на РМ (пратеничко досие);*
10. *Одлука за заклучување на Избирачкиот список од 02.04.2024 година на ДИК;*

11. *Стручен наод и мислење од областа на материјаното, сметководственото и финансиското работење од 04.07.2025;*
12. *Доказ за извршено плаќање за изработка на Вешт наод и мислење (Фактура и ПП налог);*
13. *Решение ГЖ-1381/24 од 15.05.2024 година – на Апелациониот суд Скопје;*
14. *Доказ за платена судска такса за тужба (Вирман - уплатница - платен налог ПП50).*

**Трошковник:**

1. *Такса за тужба* во износ од ------------------------------------------------- => 48.000,00 денари;
2. *Трошоци за економско-финансиско вештачење* во износ од ------- =>28.320,00 денари;
3. *Такса за судска одлука* во износ од ----------------------------------------- => 48.000,00 денари.